# Извештај за истражување на аспектите на политичката вклученост на жените во политиката

**АФЖ - Левица**


**Проектен тим:**

Весна КИРАЏИЕВА, генерална координаторка
Катерина ИЛИЕВА, координаторка за телефонско / теренско анкетирање на нечленки
Лилјана ДИМОВСКА, координаторка за интернет анкетирање на членки
Даниела БАВЧАНЏИ, дизајн на анкетни прашалници и аналитички извештај


октомври – декември 2023


БОРБАТА
ПАК СЕ РАЃА

## Содржина

1. Вовед ........................................................................................................................ 4
2. Квантитативно истражување .......................................................................................... 5
2.1 Анализа на перцепциите .............................................................................................. 6

## 1. Вовед

Перцепциското истражување како основа за анализа беше спроведено од членки на АФЖ на Левица во период од октомври до декември 2023 година. На основа на истото е изработена оваа анализа и заклучоците, кои понатака може да се искористат за креирање на програмски насоки за интерно и екстерно делување на Левица и на АФЖ.

Целта на истражувањето беше:

- да се дознае перцепцијата на жените околу нивно учество во политиката;
- да се дознаат пречките на патот кон поголемо учество на жената во политиката;
- да се дознае перцепцијата на партиските членки и на нечленките, околу родовата димензија на партиските определби и делувања
- да се дознае капацитетот за партиски ангажман кај членките на Левица;
- да се добијат размислувања за следните чекори и планови.

За таа цел беше спроведено квантитативно истражување преку комбиниран модел од:

- писмена електронска анкета,
- усмена телефонска анкета со стандардизирано интервју според подготвениот прашалник)

Истражувањето беше спроведено врз **вкупно 636 испитанички** на ниво на Македонија, во две групи со различна големина:
- 404 испитанички кои *не се членки* на партијата Левица и се испитани преку телефонска анкета,
- 232 од испитаничките, се *членки на Левица* од цела Македонија, и се испитани преку електронска анкета испратена на линк и на нивните е-адреси.

При анализирање на резултатите од двете групи (членки и нечленки), дадени во графиконите подолу, треба да се земе во вид дека и двете групи испитанички, се со различната големина и следствено, паралелна споредба не се препорачува.

## 2. Квантитативно истражување

Квантитативното истражување се спроведе во периодот 22.10.2023 - 04.12.2023 како комбинација на електронско и телефонско истражување.

Испитаничките кои *не се членки на Левица*, се опфатени со теренска и со телефонската анкета според методологијата која вклучува случаен избор, и според расположивите ресурси, а нивниот број беше поделен во два региони – Скопје (теренска анкета) и останати градови (телефонска).
Бројот на реализирани испитанички кои не се членки, од теренската и од телефонската анкета е следниов:




Анкетниот прашалник искористен за анкетата, е составен од 9 прашања од затворен тип и 2 потпрашања, селектирани од прашалникот за членките, кој се состои од 17 прашања и 3 потпрашања од затворен и од отворен тип.

Во изготвувањето на прашалникот се водевме од потребата за прибирање подлабоки податоци за перцепцијата на жените околу нивно учество во политиката и во партијата, што ќе бидат репрезентативни за двата сегменти испитанички – членки и оние кои не се тоа – за да добиеме состојба која при споредување, ќе даде нови насоки и заклучоци за понатамоошно делување.

Во оваа насока, селектиравме прашања што ќе помогнат во зголемување на општите капацитети на партијата преку зголемено учество на жената, преку осознаванје на аспектите како: перцепција за пречките околу учеството во партиски активности, мерки за подобрување на состојбата, сектори за активирање.
За да не го отповаруваме прашалникот премногу, особено за не-членките, географските и другите лични параметри (како возраста) на испитаничките во оваа фаза се изоставени.

Ова истражување дава основа за подлабинско истражување во иднина на одредени групи и сегменти.

## 2.1 Анализа на перцепциите

Анализата на перцепциите на двете групи испитанички, ќе ја поставиме паралено за прашањата што се заеднички (идентични) во двете групи (9 прашања), по што ќе ги анализираме резултатите од дополнителните 8 прашања по кој беа испитани членките на Левица.

> На прашањето ***Дали редовно гласате на избори***, двете групи испитанички различно одговориле на прашањето, па така:






*Партиските членки* кои дале потврден одговор се дури 82.8% (192), додека *не-членките* само 36.6% (148).
Најголема дискрепанца во одговорите на двете категории испитанички, е за опцијата *понекогаш гласаат*. Имено, испитаничките – членки кои го избрале овој одговор се 9,1% (20) од својот сегмент, додека не-членките кои рекле дека понекогаш гласаат - се 40.6% (164).

Малку поблага разлика има на одговорот дека *не гласале*, каде членките учествуваат со скромни 8.4% (19) во својата група, додека нечленките со дури 17.3% (70).

На најтврдиот одговор, дека *никогаш не гласаат* – се одлучиле дури 5.4% (22) од испитаничките кои не се членки, и само 3% (1) од членките.

*Партиските членки* кои одговорија со ***Не / Понекогаш*** (вкупно 39 испитанички) имаа отворено **потрашање** за причините *зошто*, кои подолу се сумарно подредени 33 одговори на членките, во групи:

- Најверојатно од испитаните членки (16) одговориле дека не сакаат да дадат *легитимитет на изборите, дека нема добри кандидати, кои им се важни за да направат избор, немаат избор/опција, дека тоа е нивен избор, а некои дека нема да гласаат*.

**Нема оптимизам или препознавање на Левица како опција заради која би излегле да гласаат** -
"Немање соодветен кандидат, не прифаќање на името на државата која ги распишува изборите |
Немало е кандидат за кој вреде да се гласа |
Не гледам доволно достоен кандидат вреден за мојот глас. |
Немам доверба во некои кандидати |
Кога нема добри работи за гласење не гласам. Би сакала да гласам за личност. |
Не гласам последените два циклуси бидејки не сакам да им дадам легитимите на кандидите и изборните процеси. |
Од истата причина што нема да гласам и сега. Со чест на исклучоци партијата докажа дека се сведоа на неиживеани небитници кои и мајката ќе си ја за продадат за марка. Швалерката нема! |
Заради моето уставно право на избор. |
Избор без избор |
Исто е и да се гласа и да не се гласа. Еднаш немам гласано поради тоа што одбрав да прошетам тој ден место да гласам. |
Нема опција, доста е више сдс/вмро |
Досега немаше адекватна гарнитура за гласање |
Немав добри опции, партии за гласање | Немаше за кого да гласам. |
Немало избор за мојот глас на избори кога не сум излегла. |
Не ме интригираат понудените две "најголеми" партии веќе 32г. Нема промена на подобро."

- 8 испитани членки *изгубиле доверба и се разочарани* -

"Зошто до сега не сум верувала во ниедна партија и не бил секој достоен за мојот глас. |
Едноставно разочаран од претходната политика | Поради разочараност од понудените опции | Немам доверба | Поради разочараност во системот односно лажните ветувања на политичките субјекти... | Затоа што не сум гледала надеж во досегашните политички партии | Недоверба во понудените опции на политичките партии| Не верувам во ветувањата на избраниците" |
**Нема оптимизам или препознавање на Левица како опција заради која би излегле да гласаат**

- 5 испитанички сметаат дека *нивната географската оддалеченост* од МКД и личната карта е пречка за гласање -

"Не сум во МК живеам во Германија | Не сум во МК | Сум живеела надвор од МК па сум немала можност | Не ми беше средена личната карта имавме промена на адреса | Не бев на возраст."

- **5 испитани членки изразиле *надеж* и гледаат *светла точка во Левица, и заради неа ќе гласаат*** -

"Зависи од опциите кои се на гласање |
Претходно не сум гласала. Сум имала мислење дека ништо не можам да сменам. Но сега имам мислење дека повеќето можеме да смениме нешто. |
Последниве избори гласам. Предходно никогаш немам отидено на гласање. |
Ја изгубив вербата во политичките партии -исклучок е Левица |
Последно гласање беше за првиот мандат на Груевски, од тогаш не учествуваме на гласање зашто нема за кого. Послем толку години сега повторно ќе излеземе, заедно цела фамилија, родбини, пријатели другари и ќе гласаме за единствената македонска кауза тоа е Левица."

Перцепцијата за причините за неизлегување на избори е доминантно негативна и емотивна, додека само мал дел од испитаничките изразиле верба во промени.

*Испитаничките кои не се членки на Левица,* а кои одговорија со ***Да/Понекогаш*** на ова прашање, добија дополнително **прашање** *Дали гласате по сопствена волја* и резултатите од 373 одговори се следни –

- 93.5% (348) испитанички потврдиле дека гласаат по своја волја, а само само 6,7% (24) потврдиле дека не гласаат по своја волја. Од овие последниве, на трето потпрашање – по чија волја гласаат – 58% (51) гласаат по волја на партнерот, 35.2% (31) одговориле со друго, а 6.8% (6) се изјасниле дека гласаат по волја на блиските.




Од резултатите се гледа дека бројот на испитаничките кои одговориле на третото потпрашање (88) е многу поголем од бројот на испитанички за кои се однесува истото (24), кои не гласаат по своја волја, и може да заклучиме дека или е техничка грешка од нивна страна, или го корегирале претходниот позитивен одговор (дека гласаат по своја волја). Затоа дијаграмот погоре е со паралелни аспекти, не изведени од потпрашањата.

> *<u>На прашањето</u>* ***<u>Дали Ве интересира политиката во земјата,</u>*** помеѓу испитанички – членки и испитаничките нечленки - имаме разлики во одговорите на прашањето, па така:

- *Партиските членки* потврдиле интерес за политика во 60.8% (141), до извесен степен имаат интерес 34.9% (81) испитанички, а само 4.3% (10) немаат интерес.




Тие што одговориле со *не, дека немаат интерес (10)*, на потпрашањето *зошто* – се добиени 35 одговори групирани во следниве понудени категории:

| | |
|---|---|
| и да дојде некој чист ќе го средат или црнисаат | 18 |
| немам верба во партиите и политичките избраници | 16 |
| немам верба во политичките структури и процеси | 13 |
| одговори од отворен тип: два дека ги интересира политика, еден одговор со непристојна забелешка, и еден неповрзан со темата | |

- *Испитаничките кои не се членки на Левица*, ги дале одговорите според следниве резултати:
  - *потврдиле интерес* за политика 38.3.% (155), до извесен степен имаат интерес 40.6% (164), а дури 21% (85) немаат интерес




Очекувано, не-членките се понезаинтересирани за политика, отколку членките.

> На прашањето ***дали се задоволни од учеството на жената во политиката***, двете групи испитанички одговориле следново:

- Членките одговориле со ДА во 19% случаи (44 испитанички), а непартиските со 3.5% (14 испитанички)
- Со НЕ одговориле 81% од членките (188), и 60.6% (245) од не-членките.
- До извесен степен/треба повеќе одбрале 35.9% (145) од не-членките

**ДАЛИ СТЕ ЗАДОВОЛНИ ОД УЧЕСТВОТО НА ЖЕНАТА ВО ПОЛИТИКАТА**



Членките покажуваат три пати поголемо задоволство од учеството на жената во македонската политика отколку испитаничките кои не се членки.

> На прашањето ***Дали ако има повеќе жени политички и партиски лидери, општеството ќе биде подобро водено***, двете групи испитанички одговориле:

**ДАЛИ АКО ИМА ПОВЕЌЕ ЖЕНИ-ПОЛИТИЧАРКИ И ПАРТИСКИ ЛИДЕРИ, ОПШТЕСТВОТО ЌЕ БИДЕ ПОДОБРО ВОДЕНО?**




- Членките одговориле со ДА во 81% случај (188 испитанички), а непартиските со 57,9% (234 испитанички)
- Со НЕ одговориле само 19% од членките (44), но затоа 42,1% (70) од не-членките.

Испитаничките кои не се партиски членки имаат многу поголем скептицизам во улогата на жената да гради подобро општество и во нејзините лидерски споспобности – перцепција што секако има и културолошка и социјална позадина.

> На прашањето ***ДАЛИ ИМ Е БИТНА ПЕРЦЕПЦИЈАТА НА НАЈБЛИСКИТЕ РОДНИНИ И ПРИЈАТЕЛИ ЗА НИВНО ЕВЕНТУАЛНО ПОЛИТИЧКО ИНВОЛВИРАЊЕ***, двете испитани групи ги дале следниве одговори:







- *Да, и многу ме ограничува во изборот*, одбрале 2% (4) членки и 9,9% (40) не-членки
- *Да, ама не ме ограничува во изборот*, одбрале 23.7% (55) членки, и 27.5% (111) не-членки
- *Малку, сама одлучувам,* одбрале 22.4% (52) членки, и 24.8% (100) не-членки
- *Воопшто не, мој живот-мој избор*, одбрале 52.6% (121) членки и 37.9% (153) не-членки

Перцепцијата за комплетна слобода во носење одлука за политичко активирање (последните две прашања) е на солидно над 60% од двата сегменти испитанички - 78% кај членките, и 63% кај нечленките, додека ниското ниво на перцепирана ограниченост во одлуката заради другите особено кај членките (2%) укажува дека политичката инволвираност би имала потенцијал да биде поддржана како избор за жената, ова е во мала колизија со аспектот времето што членките го имаат на располагање за политичка инволвираност, образложено подолу.

> <u>На прашањето</u> <u>***ДОКОЛКУ ВИ СЕ УКАЖЕ МОЖНОСТ, ДАЛИ БИ УЧЕСТВУВАЛЕ ВО ИЗБОРЕН ПРОЦЕС ИЛИ ПОЛИТИЧКА КАМПАЊА (ЛЕВИЦА),***</u> двете испитани групи се речиси спротивставени во мислењето за ова прашање:







**АКО НЕ, ЗОШТО?**






| ДОКОЛКУ ВИ СЕ УКАЖЕ МОЖНОСТ, ДАЛИ БИ УЧЕСТВУВАЛЕ ВО ИЗБОРЕН ПРОЦЕС ИЛИ ПОЛИТИЧКА КАМПАЊА (ЛЕВИЦА) | Испитанички членки | Испитанички не-членки |
|---|---|---|
| **ДА** | 70.7% (164) | 22% (89) |
| **НЕ** | 29.3% (68) | 78% (315) |
| **АКО НЕ, ЗОШТО?** | 90 | 316 |
| - немам време | 50.7% (34) | 22.8% (72) |
| - политичкиот процес не е чист, не ми се допаѓа | 31% (21) | 39.9% (126) |
| - нмам разбирање од работодавецот | 9% (6) | 20.6% (65) |
| - немам разбирање од околината | 4.5% (3) | 3.5% (11) |
| - немам соодветна политичка позадина/познавања | 32.8% (22) | 10.8% (34) |
| - немам разбирање од семејството | 6% (4) | 2.5% (8) |

И овде имаме прелевање на одговори, каде дел од испитаничките кои одговориле потврдно на прашањето, се вклучиле во одговори и на потпрашањето, со оглед на бројот добиени одговори (90).

Драстична спротивставеноста на мислењата помеѓу двете групи е присутна во аспектите за време, политички познавања, и разбирањето на работодавецот, што е во колизија со мислењата даден на прашањето погоре.

Еден од заклучоците за понатамошна обсервација и акција е дека членките имаат потреба од политичка надградба /обуки/семинари и тоа е еден од аспектите кои може да доведат до зголемување на женското членство и/или нивна поголема инволвираност во партиските процеси. Исто така, за понатамошна обсервација е партиските планови/акции да се фокусирани на реформа на сегашните институционални механизми кои ја азаштитуваат жената/мајката / еднородителските семејства. Еве и зошто.

> На прашањето ***кои мерки треба да се преземат за да се зголеми учеството на жените во политиката***, двете испитани групи се доста поделени по однос на главните четири мерки:


Кои мерки треба да се преземат за да се зголеми учеството на жените во политиката (членки)
се погоре наведено
0%
Достапност на партии/ограноци
14%
механизми за борба портив дискриминација, вознемирување, семејно насилство
31%
Обуки и семинари за жената...
механизми за поддршка на жени, еднородителски семејства
29%


Кои мерки треба да се преземат за да се зголеми учеството на жените во политиката (нечленки)
Достапност на партии/ограноци
4%
Обуки и семинари за жената
14%
сè погоре наведено
45%
механизми за поддршка на жени, еднороди-телските семејства...
механизми против дискриминација, вознемирување, семејно насилство
19%

| Кои мерки треба да се преземат за да се зголеми учеството на жените во политиката | Испитанички членки | Испитанички не-членки |
|---|---|---|
| Достапност до партиите и нивните ограноци | 29.3% (68) | 3.7% (15) |
| Обуки и семинари за подигање свест за улогата на жените во општеството | 54.7% (127) | 14.6% (59) |
| Повеќе механизми за поддршка на жените, на самохраните мајки и еднородителски семејства | 60.8% (141) | 18.1% (73) |
| Подобри механзими против појавите како дискриминација, вознемирување, семејно насилство. | 65.5% (152) | 18.8% (76) |
| Се погоре наведено | 0.4% (1) | 44.8% (181) |
| **Отворени потпрашања само за членките** | | |
| Поголем ангажман на жената, самоиницијативност и нивен придонес кон партиите | 0.4% (1) | |
| Достапност на сервиси за жените кои поминуваат голем дел од времето на семејни обврски – и помош во домот и семејството | 0.8% (2) | |
| Еднакава родова застапеност на жената во парламентот и владата – законско решение за % застапеност | 0.8% (2) | |
| Нешто за самохрани мајки, инвалиди | 0.4% (1) | |
| Да се воспитуваат машките деца уште од мали нозе за клучната позиција на жената во општеството. | 0.4% (1) | |
| Несоодветни одговори (од кои еден е дека жените се зло без кое не се може, помалце жени во власт, посилна и постабилна држава) | 1.2% (3) | |
| Небитна е родовата присутност во политиката, битно е да се нормални, некорупмирани или продадени – идентификација како луѓе не жени, не ме интерсира полот | 1.2% (3) | |
| Обезбедување услови и совет да се биде подобра мајка | 0.4% (1) | |
| Квалитет, не квантитет – квалификации и одговорност, не само родова припадност | 0.8% (2) | |
| Подигање на политичка култура, за жените да си го најдат местото со нивните способности – почисти партиии и се ке си дојде на место, и родова и старосна и национална застапеност | 0.8% (2) | |

Двете испитанички групи покажуваат разлики во перцепциите за потребните мерки. За испитаничките - членки, секоја од следниве институционални мерки за зголемување на учеството на жената во политиката засебно, добила мнозинство:

- за подобро справување со појавите на дискриминација, вознемирување, семејно насилство, - и за поддршка на жените, и еднородителските семејства, и
- обуките / семинарите за подигање свесност за улогата на жената.

Мерката која е селектирана во најмал дел, скоро 1/3 од испитаничките, е достапноста до партиите и нивните ограноци

За разлика од нив, нечленките во многу помал процент ги перцепираат институционалните механизми

како потребни мерки секоја засебно, но сепак 45% од нив одбрале опцијата дека сите предложени мерки заедно се потребни.
Најголема разлика со другата група, е во перцепцијата е за мерката достапност на партиите / ограноците, само 3.7% испитанички кои не се членки, ја одбрале.

Со тоа завршуваат заедничките прашања на двете групи испитанички.

> На прашањето само за <u>нечленките **_зошто жените помалку се активираат политички во нивната средина_**</u>, најголема причина ја истакнуваат времето (52%), а дупло помала причина, но сепак втора доминантна – е стравот од предрасуди и околината (20.3%). Ова соодветствува на мнозинската недоверба на испитаничките во политичкиот процес кој го сметаа за нечист, и затоа не би учествувале во политичка кампања или изборен процес. Недоволната едукација е трета најголема причина за женската неактивност (15.8%), и како аспект е доследен во комбинации во другите прашања.
Четвртата причина е забрана од семејството и партнерот (5.4%). И 2.5% од испитаничките, сметаат дека политиката не е за жени.




Понатака следи анализа на 11те дополнителни прашања што се наоѓаат во прашалникот за членките на Левица, заради поголем увид во потенцијалите, и капацитетите со кои располага членството жени, што би се користеле за идни кампањи и тековни ангажмани, но и заради подобрување на одзивот на членките.

> <u>На прашањето **_зошто се зачлениле во Левица_**</u>, членките ги одбрале следниве опции:




| | |
|---|---|
| **Не се компромитирани, вистинска трета опција** | 61.6% (143) |
| **Сакам и лично да придонесам нешто да се смени на подобро** | 61.2% (142) |
| **Се надевам на подобро вработување со Левица на власт** | 4.7% % (11) |

> <u>На прашањето ***како пристапиле кон Левица***</u>, се изјасниле вака:




| | |
|---|---|
| **Самоиницијативно, не познавам никого** | 87.1% (90) |
| **Преку пријатели и роднини кои веќе членуваат** | 61.2% (142) |

>На прашањето ***КОГА БИ ДОБИЛЕ ФУНКЦИЈА ПРЕКУ ЛЕВИЦА, КОЈ ОПШТЕСТВЕН ПРОБЛЕМ БИ БИЛ ПРИОРИТЕТ***, резултатот е следен:




| | |
|---|---|
| **Образовна, детска и социјална заштита** | 70.3% (163) |
| **Искоренување на сиромаштијата** | 59.1% (137) |
| **Здравство** | 55.2% (128) |
| **Рурален развој, земјоделие, екологија** | 44.4% (103) |
| **Унапредување на положбат на жената во општеството** | 35.8% (83) |

> На прашањето ***Со кои проблеми се среќаваат жените кои влегуваат во политика***, се изјасниле вака:




Оваа перцепција е загрижувачка зашто одбраните аспекти (семејство, работа, надворешна околина која дискриминира) се во таков сооднос и во комплетиот живот на секоја жена, што треба многу труд за да се олеснат овие пречки на пат кон нејзина комплетна рамноправност.
За ова говорат и отворените дополнителни одговори како прилог.

| | |
|---|---|
| Дискриминација и игнорирање | 70.3% (163) |
| Судир со семејните обврски | 59.1% (137) |
| Судир со работните обврски | 55.2% (128) |
| Родово- базирани стереотипи | 44.4% (103) |
| **Дополнителни одговори** | |
| Се од горе наведено | 1 |
| Не знам | 4 |
| Судир со работни обврски и со семејни обврски, инвалидитет | 4 |
| Предрасуди, потценување, мобинг, сексуално вознемирување, дискриминација и игнорирање | 3 |
| Потценување заради физичкиот изглед – убава жена е глупа жена, успешна жена стигнала до успех по пат на себепродавање | 1 |
| Не можат да ја издржат сопствената идеологија и потклекнуваат на лидерската ароганција, 'тој лидер на сите умови' | 2 |
| Со што и да се среќаваат е нивна неспособност | 1 |
| Судир со идиоти, лоботомирани фаци, закани, притисоци | 2 |
| Стануваат марионети кои преку ноќ научиле дека треба да внимаваат на сопствениот изглед и за таа цел ги користат привилегиите што им се дадени и стануваат непотисти во буквална смисла на зборот | 1 |
| Не знам зошто би се среќавале со проблеми, освен стрес | 1 |

Перцепцијата која преовладува комбинирана со дополнителните одговори, прикажува **алармантна ситуација на дискриминација, игнорантски, насилен, потценувачки однос кон жената.** Дури и ова истражување во оваа група членки, е злоупотебено, најверојатно од маж, каде со крајно негаторски став кон жената според одговорите на целиот прашалник си дозволил да ја извалка жената – претпоставка дека анкетата е злоупотребена од лице кое е во најблиското опкружување на членката.

> На прашањето ***Дали се потребни дополнителни законски и подзаконски измени за да се подобри учеството на жените во политика,*** испитаничките се изјасниле вака:




| | |
|---|---|
| ДА | 57.3% (133) |
| НЕ | 10.3% (24) |
| Не знам | 32.3% (75) |

Дури третина од испитаничките не знаат дали има потреба од законски измени, што дополнително го поткрепува изразеното мислење за потреба од обуки/семинари/политичка наобразба на членките.

> На прашањето ***дали партиските структури на Левица работат на унапредувањето на правата на жената*** најголем дел од испитаничките сметаат дека треба повеќе да се работи, а само една четвртина се согласуваат дека се работи до извесен степен.



| | |
|---|---|
| **МОЖЕ И ПОВЕЌЕ** | 50.9% (118) |
| **НЕ ЗНАМ** | 24.6% (57) |
| **ДО ИЗВЕСЕН СТЕПЕН** | 22.4% (52) |
| **НЕ** | 2.4% (5) |

Овде се наоѓа можеби еден од најзначајните наоди во истражувањето и укажува на потреба за понатамошна акција по ова прашање.

> На прашањето ***дали партиските структури на Левица во местото на живеење се достапни за да воочите проблем што треба да се реши*** мислењето е следно:




| | |
|---|---|
| ДА | 76.3% (177) |
| НЕ | 23.7% (55) |

> На прашањето ***дали се активна или пасивна членка на Левица*** најголем дел (две третини) од испитаничките се изјасниле како пасивни

| | |
|---|---|
| **АКТИВНА** | 31% (72) |
| **ПАСИВНА** | 69% (160) |




> На прашањето ***КОЛКУ ЧАСА НЕДЕЛНО ИЛИ МЕСЕЧНО МОЖЕ ДА ОДВОИТЕ ЗА ПАРТИСКА ПОДДРШКА***




| | |
|---|---|
| **НАД 3 ЧАСА НЕДЕЛНО** | 43.1% (100) |
| **НЕ ПОВЕЌЕ ОД 2 ЧАСА НЕДЕЛНО** | 29.3% (68) |
| **НЕ ПОВЕЌЕ ОД 1 ЧАС НЕДЕЛНО** | 17.7% (41) |
| **НЕ БИ МОЖЕЛА ДА ОДВОЈАМ ВРЕМЕ** | 9.9% (23) |

Овој резултат е во колизија со % пасивни членки од претходното прашање, што можеби укажува на превисоки очекувања на испитаничките за тоа што значи евентуална нивна партиска активност.

> На прашањето на ***на кој начин може да придонесете во партискиот огранок или структура***, подолу се групирани одговорите по фрекфенција на избор

| | | |
|---|---|---|
| **Контакти со членови** | 50.4% (117) | |
| **Логистика за настани** | 49.6% (115) | |
| **Статии за социјални медиуми** | 44.8% (104) | |
| **Маркетинг** | 30.% (71) | |
| **Дополнителни слободни одговори, групирани (вкупно 36)** | | |
| Недефинирана категорија, техничка грешка | | 2.6% (6) |
| Креирање политики – законски / подзаконски акти – во сферата на соц.работа/попреченоста – во пишување на програмите | | 4 |
| Не знам | | 4 |
| Не можам воопшто – само сум симпатизер - не смеам да е активирам заради работното место - Било што што не е јавно експонирање и контакти | | 4 |
| Анализи – функционални анализи – анализи и пишување | | 3 |
| Образование – здравство - посочување на состојби од реален живот | | 3 |
| Сè што е потребно | | 2 |
| Протести, митинзи | | 2 |
| Дизајн на пропаганден материјал, графички дизајн | | 2 |
| Обуки за подигнување на свеста и актуелизација на прашања од секојдневен живот – | | 1 |
| Сметководствени услуги | | 1 |
| Комуникација со граѓани | | 1 |
| Администрација, е-пораки, листи, протоколи, | | 1 |
| Не сум во МК | | 1 |
| Несоодветен коментар и навредлива констатација | | 2 |

Извесно е дека изборот на поставени прашања, е во согласност со можностите на членките да придонесат за партиски потреби, судејќи по дополнителните нивни одговори, каде има мала фрекфенција на други различни можности за придонес.

## Заклучоци и препораки

Според резултатите на истражувањето и мислењата на испитаничките, може да се заклучи дека има доста простор за понатамошно делување на партијата во насока на јакнење на сопственото членство преку стратешко и програмско делување и активности чиј фокус е јакнење и унапредување на положбата на жената, и во редовите на партијата Левица, и во општеството, како крајна цел.
Мора да се напомене дека дел од мислењата на испитаничките, и членки и нечленки, се во колизија преку давање двојни одговори на потпрашања што не се однесуваат на нив, според претходно одговореното, или заради немање храброст да го искажат вистинското мислење, или заради несериозност - што ја искривува делумно реалната ситуација за некои прашања и одговори (за причините за нивно невклучување во политичките процеси, или за факторите кои влијаат врз нивното активирање, на пр.). Ова е особено воочено при теренската и телефонската анкета, заради што електронска анкета е најпрепорачлива.

Посочените мислења за пречките за политичката инволвираност на жените и на членките на Левица, би требало да земат свое место во идните планови за делување за:
- понатамошни лобирања за реформа во законската регулатива и унапредување на институционалните механизми за заштита на жената и децата, со кои ќе се идентификуваат и мотивираат и членките и симпатизерите на Левица
- поголемо делување во самата партија, за унапредување на жената (сегашната застапеност на жената во највисоките партиски тела е очигледен пример за потребата од ова)
- обуки и семинари за политички активизам, за да се мотивираат и членките и симпатизерките на (поголем) партиски ангажман
- демистификација на големината/видот на потребен партиски ангажман преку конкретизирање на сервисите/услугите/вештините потребни во локалните ограноци / централните структури
- соодветно координирање на расположивите централни и локални човечки ресурси
- менторство и поддршка за жените во самите партиските редови,
- зголемен фокус на подобрување на институционалните проблеми во образованието / социјалната заштита / здравството, во партиско-програмските делувања
- создавање механизми и услови за успешно справување со деструктивните стереотипи како во самите партиски редови, така и во надворешните
- воведување индикатори на успех за родова застапеност да влезе во програмските планови на Левица, од сегашните 24% во ЦК, на можеби 45. Со ова ќе се мотивираат и членките и симпатизерките, да дадат свој придонес и јакнење на членството, и со тоа во подобрување и на општеството.

Исто така, изразеното негативно мислење на испитаничките околу политичките процеси во земјава, кои се перцепирани како нечисти, како и мислењето на околината, како фактори што влијаат на нивното (не)учество во политиката - јасно укажуваат дека Левица има историска шанса да ја врати довербата на испитаничките во политиката, за да ја искористи за омасовување и зголемување на членството, и со тоа и на гласачкото тело.
Горенаведените препораки, одат во тој прилог.

# БОРБАТА ПАК СЕ РАЃА



Скопје, 2024г